РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

11-684/2
31-05-2022

# ИЗВЕШТАЈ
## за антикорупциска проверка на одредбите на член 28 и член 230 од Законот за водите

**Наслов:**
Законот за водите („Службен весник на Република Македонија„ бр.87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21).

**Доставено барање мислење од овластен предлагач/по сопствена иницијатива :**
По сопствена иницијатива, врз основ на член 17 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019), а во врска со Одлука бр.12-2142/2 од 60-та седница на ДКСК одржана на 28.01.2022 година.

**Област:** Водостопанство

### Генерална оценка

1. **Осврт на барањето :**
Со споменатите одредби од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија„ бр.87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21) се пропишуваат дејности и активности за кои е потребно дозвола за стекнување на водно право како и делокругот односно правата кои ги имаат водостопанските инспектори во вршењето инспекциски надзор од својот делокруг.

2. **Разгледани / консултирани дополнителни материјали**:
- Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019)
- Закон за прекршоци („Службен весник на Република Македонија" бр.96/2019
- Закон за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014, 44/2015, 129/2015, 192/2015, 39/2016 и 99/2018). Одлуки на Уставниот

суд на Република Македонија У. бр. 151/2005 и 233/2005 од 21.06.2006 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2006, У. бр. 154/2005 од 13.09.2006 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 101/2006, У. бр. 152/2005 од 28.09.2006 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 109/2006 У. бр. 146/2009 од 23 декември 2009 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 1/2010, У.бр.81/2017 од 31 јануари 2017 година, објавена во "Службен весник на Република Македонија" бр.28/2018 и У.бр.76/2017 од 28 март 2018 година, објавена во "Службен весник на Република Македонија" бр.65/2018.

- Закон за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија" бр. 161/2009, 17/2011, 47/2011, 136/2011, 6/2012, 39/2012, 163/2013, 146/2015, 36/2016 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.215/2021).
- Закон за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/2004; 14/2006; 84/2007; 35/2010; 47/2011; 148/2011; 59/2012; 13/2013; 163/2013, 41/2014, 146/15, 36/16, 63/16 и 113/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21).
- Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014).
- Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/2019).

Државната Комисија за спречување на корупција, врз основа на член 17 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019), а согласно со Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата, по спроведената антикорупциска проверка на одредбите од споменатиот Правилник, го донесе следниот:

## ЗАКЛУЧОК

Државната комисија за спречување на корупција, по извршената анализа и оценка на легислативата на член 28 и член 230 од Законот за водите, наиде на постоење на регулаторни ризици од корупција.

### Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, а врз основа на Одлука бр.12-2142/2 од 60-та седница на ДКСК одржана на 28.01.2022 година, спроведе антикорупциска проверка на одредбите од член 28 и член 230 од Законот за водите.

По спроведената антикорупциска проверка на споменатите одредби, Државната комисија наиде на делумно постоење на регулаторни ризици за корупција, поради што го донесе споменатиот заклучок.